# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРИТЕ ЗА ЗАЕМ ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ЈП "ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА"- ПОГОН РЕК ОСЛОМЕЈ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр.65/95 од 29.12.1995 година**

## Член 1

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по договорите за заем за набавка на опрема за ЈП "Електростопанство на Македонија" - Погон РЕК Осломеј, склучен меѓу ЈП "Електростопанство на Македонија" - Скопје и МАН - Такраф од Лајпциг - Сојузна Република Германија и Транспорта од Цхрудинг од Република Чешка, во вкупен износ од 23.700.125,00 ДЕМ, под роковите и условите предвидени во договорите за заем.

## Член 2

Заемот од МАН - Такраф во износ од 16.013.575,00 ДЕМ ќе се отплатува во 10 полугодишни рати, со каматна стапка од 6,67% годишно и со грејс период од шест месеци од денот на пуштањето на опремата во работа.
Заемот од Транспорта во износ од 7.686.550,00 ДЕМ ќе се отплатува во 12 полугодишни рати, со каматна стапка од 7,5% годишно и со грејс период од шест месеци од денот на пуштањето на опремата во работа.

## Член 3

Заемите од член 1 на овој закон ќе ги отплатува ЈП "Електростопанство на Македонија" - Скопје од своите приходи.

## Член 4

Доколку пристигнатите ануитети во роковите на пристигнување, во име на заемопримачот ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на кредитот.

## Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".